РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Бр. 04-374/9
25-01-2022 .2022 год.
Скопје

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен Весник на Република Македонија" бр. 58/2000, 44/2002, 82/08, 167/10 и 51/11) и („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр.96/2019, 110/2019), член 23 став 4 од Законот за работните односи („Службен Весник на Република Македонија"бр.62/05, 106/08, 161/08,114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18, („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр.110/19 , 267/20 и 151/2021) и, член 22 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен Весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18) и („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр.143/19 и 14/20), а во врска со Правилникот за систематизација на работни места во Министерство за животна средина и просторно планирање, министерот за животна средина и просторно планирање донесе:

# ОДЛУКА

## за избор на (1) извршител за работно место по објавен оглас бр.1/2022

1. За извршител на работите за работно место Посебен советник за координација на проекти, - 1 извршител, на определено време, јавен оглас бр.1/2022, објавен во дневните весници „Слободен Печат" и „ Коха" на 18.01.2022 година, се избира кандидатот **Арсим Фидани** .
2. Именуваниот ќе се вработи на работно место од точката 1 по завршување на постапката за избор и конечноста на одлуката, а врз основа на договор за вработување на Посебен советник за координација на проекти, - 1 извршител на определено време.
3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Комисија за спроведување на јавен оглас бр.1/2022 во Министерство за животна средина и просторно планирање, формирана со Решение бр.04-374/6 од 24.01 2022 година, врз основа на Записник од работата на комисијата за спроведување на јавен оглас констатира дека на јавниот оглас за вработување на работно Посебен советник за координација на проекти, - 1 извршител на определено време, се избира кандидатот **Арсим Фидани** кој ги исполнува условите од наведеното работно место.

Со оглед на тоа што именуваниот ги исполнува предвидените услови утврдени во јавниот оглас истиот може да заснова работен однос на определено време на горе наведеното работно место.

Изготвил: Ferdeze Suma
Одобрил: Тања Пауновска

Министер

Naser Nuredini

MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR
DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR
Бр.-Nr. 04-374/10
25.01.2022

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Сл. весник на РМ бр. 58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010, 51/2011, и („Сл. весник на РСМ бр.96/2019, 110/2019), член 23 став 4 од Законот за работните односи („Службен Весник на Република Македонија"бр.62/05, 106/08, 161/08,114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18, („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр.110/19 , 267/20 и 151/2021), а во врска со објавениот оглас бр.1/2022, Министерот во министерството за животна средина и просторно планирање донесе:

**О Д Л У К А**

**за невршење на избор на**

**кандидат за вработување по пат на јавен оглас на определено време**

1. НЕ СЕ ВРШИ ИЗБОР на кандидатот Васвија Дестановска за работното место - Посебен советник за координација на проекти, - 1 извршител, по јавен Оглас бр. 1/2022 за вработување на лице на определено време, во Министерството за животна средина и просторно планирање.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

По барање на Министерството за животна средина и просторно планирање, на ден 18.01.2022 година беше објавен јавен оглас под број 1/2022 година за потребата од вработување на 1 (еден) извршител на определено време во весниците „Слободен печат" и „Koha" меѓу кои и за работно место - Посебен советник за координација на проекти, - 1 извршител. Работното место е систематизирано со Правилникот за систематизација на работните места на Министерството за животна средина и просторно планирање и не е пополнето. На ден 24.01 2022 година, Комисијата за селекција за ангажирање на лица на определено време формирана од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање, во функција на спроведување на постапката за вработување на лица за извршување на работите од точка 1 на оваа Одлука, во Министерството за животна средина и просторно планирање спроведе постапка што е констатирано на записник од административна селекција и записник од работата на Комисијата за селекција заради спроведување на интервју.По завршената административна селекција за ангажирање на лицата на определено време со бр. 04-374/7 од 24.01 2022 година констатирано е дека Васвија Дестановска не ги исполнува условите за избор.

Врз основа на горенаведеното одлучено е да не се изврши избор на кандидат за наведеното работно место.

**Правна поука:** Против оваа Одлука, незадоволниот кандидат има право на жалба во рок од (8)осум дена, од денот на објавувањето на одлуката на веб страната на Министерството за животна средина и просторно планирање, до Агенцијата за администрација.

Министер

Naser Nuredini